ПАТРИМОНИУМ.МК, година 17, број 22 / 2024
UDK 75.052(497.7):343.711(496.5)"2023"

Ангелина ПОПОВСКА

# КРАТОК ИЗВЕШТАЈ КОН СОСТОЈБАТА И ТРАНСПОРТОТ НА 20 УКРАДЕНИ И ВРАТЕНИ ИКОНИ ОД АЛБАНИЈА ВО С. МАКЕДОНИЈА ВО 2023 ГОДИНА

**Клучни зборови:** *икони, враќање, реституција, превентива, транспорт.*

**Апстракт***: По долгата децениска правна постапка за враќање на украдените икони од нашата земја, во тековната 2023 година беа вратени 20 икони од Албанија во С. Македонија, што ја означи и првата изведена рестутуција во регионот. Тимот од стручни лица*[1] *од неколку стручни институции учествуваше во оперативниот дел од процесот, додека Министерството за култура беше надлежно и го озваничи овој настан и со церемонијален дел, истакнувајќи ја важноста на рестутуцијата.*

*Со акциите вршени од страна на Националниот институт за регистрација на културно наследство во Тирана (Instituti Kombëtar i Regjistrimit të Trashëgimisë Kulturore), во координација со директорот на установата Сокол Муча (Sokol MUÇA) се воспоставени контактите со другите установи/депоа/музеи низ Албанија кадешто се наоѓаа овие 20 –тина икони (во Берат и Корча) за да се овозможи транспортот до Националниот историски музеј во Тирана. Имено, овој институт учествуваше во запленувањето на нелегално отуѓеното културно наследство од нашата земја, како и во идентификација на истото преку споредбените научни, евиденциони и историско-уметнички анализи од страна на нивни и домашни експерти за националното културно наследство.*

*Во текот на постапката за враќање на 20-те икони беа посетени депоата при Националниот историски музеј и депоата во Националниот институт за регистрација на културно наследство во Тирана, каде се депонирани и чувани бројни икони, делови од иконостаси и сл., што ја овозможи понатамошната идентификација за други икони, со можноста за продолжување на постапката - континуирано враќање на сите украдени икони од нашата земја што сега се на тлото на Албанија.*

## Споредбена документациска анализа

Во периодот на активните теренски активности од страна на институционалната заштита во С. Македонија се регистрирани над 22.601 икони[2], а за секоја регистрирана икона е испишан регистарски број што го означува споменикот на културата (со СК и бројот или рег.бр.) Регистерските броеви на иконите се документирани и собрани во посебни Регистри (од Том I до Том XI) и претставуваат дел од архивот во Центарот за документација, евиденција и информации (ИНДОК) (ИНДОК - центар) при НУ Националниот конзерваторски центар-Скопје (бившиот Републики завод за заштита на спомениците на културата во Скопје). Од големо значење во идентификацијата и враќањето на иконите беа Регистрите за евиденција на истите, како основ за покренување на правната постапка.

[1] Со Решение од Министерство за култура на Република Северна Македонија со бр.53-7553/1 од 01.08.2023 г – Решение за формирање на Работна група која ќе учествува во постапката за враќање на незаконски изнесените икони од територијата на С. Македонија кои се наоѓаат во Албанија (за идентификација, увид и транспорт и работи кои произлегуваат од постапката за враќање).

[2] Во периодите 1950-60, 1970, 1980-90 година се вршени теренски активности и собирачки акции за регистрација на нашето културно добро од типот на материјалното културно уметничко наследство – иконите во С. Македонија. За таа цел се изработени единаесет (11) тома во 1987 година, со евиденцијата на регистрираните икони. Заедно со овие регистри постојат и поединечни Конзерваторски досиеја/картони за секоја икона со фотографија, опис, период, потекло и сл.

Дел од пронајдените икони од територијата на С. Македонија не беа евидентирани во овие регистри како на пр.: иконата *Арх.Михаил – неевидентирана од наша страна (со албански инв.бр. 99 и димензии.100 x 51 x 2 см) од црквата Св.Никола во с.Радожда, Струшко, како и парапетните плочи исликани со старозаветните претстави на Жртвата на пророк Илија* со димензии 80.5 x 51.3 x 1.3 cm (албански бр. NIRCH Code 67322) и *Бегставото на Лот и неговите ќерки* со димензии 80.6 x 30 x 1.5 cm (албански број ) од истата црква, чиј автор е сликарот Аврам Дичов. За трите сликани иконописни дела кои немаа регистерски броеви се издадоа нови регистерски броеви од страна на ИНДОК – Центарот при НУ НКЦ: **23 461**, **23 462** и **23 463.** Овој пример покажува дека евиденцијата на иконите на нашата територија треба да продолжи во насока кон целосна евиденција на црквениот инвентар, иконостасните сликани содржини, како и парапетните исликани плочи.

**Список на вратени икони со нивни регистерски и инвентарни броеви**

Списокот на дваесет икони се идентификувани според нивните регистерски броеви од наша страна и инвентарните броеви и кодови од албанска страна:

*Св. Богородица со Христос,* рег.бр.6677, Долно Перово, цр.св. Атанасиј, општина Струга, дим: 101 x 61 x 4 cm (дим: 100 x 60,5 x 3,2 cm, QKIPK код 67296, инв.бр. 90)

*Царски двери,* рег.бр.6678, Ресен, Долно Перово, цр.св. Атанасиј, општина Струга, дим: 140,5 x 47 x 3 cm, (QKIPK код 67417; дим: 49 x 46,4 x 3,5 cm Архангел Гаврил, дел, QKIPK код 67418; дим: 55,5 x 46 x 3,5 cm Фрагмент – горен дел од левата врата, резба, QKIPK код 67419; дим: 27,8 x 46,5 x 3 cm Фрагмент -горен дел од десната врата, резба, QKIPK код 67420; димензии: 29 x 45,5 x 4 cm Света Богородица, фрагмент, инв.бр 201-206)

*Христос Пантократор,* рег.бр. 6679, Долно Перово, цр.св.Атанасиј, општина Струга, (натпис: придонес на Јоан Јоска, 1869) дим: 100 x 61 x 4 cm ( дим: 67,5 x 47,5 x 1,5 cm QKIPK код 67309, инв.бр.103)

*Св. Димитриј*, рег.бр. 6681, Долно Перово, цр.св.Атанасиј, општина Струга, (натпис: со мој и придонес на Петар, Павле-зограф) дим: 100 x 60 x 3,5 cm (дим: 99,5 x 59,5 x 4 cm, QKIPK код 67295, инв.бр.89)

*Сретение Христово во храмот / Ипапандија*, рег.бр.6683, Долно Перово, цр.св.Атанасиј, општина Струга, дим:35x25x2 cm (дим:35,5 x 30,2 x 2 cm, QKIPK код 67 263, инв.бр.56)

*Крштевање Христово,* рег.бр. 6684, Долно Перово, цр.св.Атанасиј, општина Струга, дим: 35 x 30 x 2 cm (дим:35,5 x 30 x 2 cm, QKIPK код,67291 инв.бр.85)

*Св. Ѓорѓи*, рег.бр. 7391, село Селци, цр.св.Атанасиј/св.Никола, општина Струга, (Дичо зограф), дим:75 x 50 x 5 cm (дим:73,3 x 50,8 x 1,6 cm, QKIPK код 67271, инв.бр. 64)

*Св. Атанасиј*, рег.бр. 7352, село Буринец, цр. Св. Богородица, општина Струга, (зограф Никола Аврамов и Коста Колоф, 1899), дим: 90 x 50 x 4 cm, (QKIPK код 67267; дим: 90,5 x 50 x 2 cm, инв. бр.60)

*Св. Никола*, рег.бр.7360, село Буринец, цр. Св. Богородица, општина Струга, дим:90 x 53 x 2,5 cm (дим: 90,2 x 52,2 x 3 cm, QKIPK код 67299, инв.бр.93)

*Деизис*, рег.бр 7355, (зограф Серафим) село Буринец, цр. Св. Богородица, општина Струга/Битола (зограф Серафим), дим: 68 x 43 x 3 cm (дим: 67,5 x 43,5 x 3 cm, QKIPK код 67284, инв.бр. 78)

*Св. Никола*, рег.бр. 597, село Радожда, цр.св. Никола, општина Струга дим: 74 x 48 x 3 cm (дим: 72,5 x 48,5 x 3 cm, QKIPK код 67269, инв.бр. 62)

*Св. Богородица со Христос*, рег.бр. 598, село Радожда, цр.св.Никола, општина Струга дим: 73 x 49 x 3 cm (дим: 3,5 x 49,5 x 2,3 cm, QKIPK код 67303, инв.бр. 97)

*Христос Пантократор*, рег.бр 599, село Радожда, цр.св.Никола, општина Струга, дим: 73 x 49,5 x 3 cm ( дим: 73,3 x 49 x 3,2 cm, QKIPK код 67302, инв.бр. 96)

*Св. Василиј*, рег.бр. 6496, Ресен, Ѓавато, цр.св. Богородица, во наш регистер дим: 95 x 57 x 5 cm, во официјален извештај-анекс (алб.) стои икона Св.Танас ***(Атанасие)***, Св.Богородица, село Буринец, општина Струга, (дим: 95,2 x 57 x 3,5 cm, QKIPK код 67306, инв.бр. 100)

*Исус Христос (Цар)*, рег.бр. 6499, Ресен, Ѓавато, цр.св.Богородица, дим: 93,5 x 56,5 x 3,5 cm (Христос на престолот дим: 93 x 57 x 3,5 cm, QKIPK код 67281, инв.бр. 75)

*Св. Харалампие*, рег.бр. 6501, Ресен, Ѓавато, цр.св. Богородица, 93 x 50 x 2,5 cm (дим: 3,2 x 55,7 x 3 cm, QKIPK код 67304, инв.бр. 98)

*Вознесение на пророкот Илија*, рег.бр.7393, село Радожда, цр.св.Никола–св.Атанасиј/Никола, општина Струга, (Дичо Зограф) дим: 70 x 50 x 2 cm, (дим: 52 x 2 cm, QKIPK код, инв.бр – НЕМА)

*Жртвата на пророкот Илија*, нов - рег.бр. 23 461, цр. св.Атанасиј /св.Никола „св.Никола", општина Струга, село Радожда, (зограф Аврам Дичов), дим:80,5 x 51,3 x 1,3 cm (инв.бр.116 код QKIPK 67322, инв.бр. 116)

*Арх.Михаил*, нов - рег.бр. 23 462, цр. св.Атанасиј /св.Никола „св.Никола“, општина Струга, село Радожда, (дим: 100 x 51 x 2 cm, код QKIPK 67305, инв.бр.99)

*Бегството на Лот и неговите ќерки*, нов - рег. бр. 23 463 (зограф Аврам Дичов, сликана парапетна плоча од иконостасна врата), (Уништување на Содома и Гомора - сцена од Стариот завет, дим: 80,6 x 30 x 1,5 cm, QKIPK код, инв.бр – НЕМА), Иконата не е заведена во регистерот и затоа ги нема претходните димензии.

## Промена кон состојбата на иконите

Според првичниот увид направен со споредбена фотодокументација од црно-бели фотографии од архивот во ИНДОК центарот при НУ НКЦ-Скопје, фотографии од иконите, како и Рапортот од 15.12.2023 год. кон состојбата на иконите се констатирани низа механички, насилни дејствија во насока на вршење на нелегалниот транспорт, како и тековни оштетувања и нивно еволуирање особено во пределот на предната иконописна содржина, и задната страна на дрвените носачи, при што се констатирани и одредени конзерваторски дејствија.

## Оштетувања од типот на насилни интервенции

*Отстранување на регистерски броеви*

Од аспект на оштетувањата евидентирани од задната страна на иконите, односно на нивните дрвени носачи се извршувани насилни дејствија од механичка природа, гребење или одделкување на пределот од задната страна (на дрвениот носач) кадешто биле испишани регистерските броеви, со тенденција- отстранување на евиденциските показатели, со коишто е одбележано нашето национално културно наследство од С. Македонија, што означува показател за незаконските дејствија вршени врз иконите од наша територија. Традиционално, праксата за препокривање на задната страна и страниците со гипсена подлога на дрвените носачи на иконите, заради заштита на дрвото, евидентира и бел покривен гисен слој, како и боено декорирање на овој слој од подлогата, вршено со четка и туфирање во сина боја: *Богородица со малиот Христ рег.бр.6677 и Исус Христос рег.бр.* 6679 (**Сл.1-а**). Кај сите останати икони вршено е отстранување на дел од белата подлога кадешто биле испишани овие регистерски броеви, или отстранување на дел од дрвената површина од задната страна (**Сл.1-б**).



а



*б*

Сл.1 – Насилно отстранување на регистерски броеви од задната страна на иконите:

(а) - Иконите Богородица со малиот Христос и Исус Христос од црквата Св.Атанасие, с. Долно Перово, општина Ресен;

(б) – Задната страна на дрвените носачи од сите 20 икони со евидентен оштетен предел од отстранети регисерски броеви



Сл.2 – Царските двери пресечени во шест делови (задна и предна страна)

**Оштетувања од типот на несоодветни транспорти**

Оштетувањата со отпаѓање на делови од иконописниот слој на многу места, до слојот на гипсената подлога (во сегашна состојба видливи бели лакуни) или до дрвената површина, е од типот на лош или нестручно изведен транспорт на делата коишто веќе имале пројавено вид на оштетувања - потклобучени / подигнати/ одлепени/ страпирани места на иконописниот слој со подлога, а истите најчесто настануваат предизвикани од наглите промени на микроклиматските услови (осцилаците на Т и РВ), што понатаму при турболентни транспорти доведува до отпаѓање/неповратно губење на овој иконописен предел. Вакви оштетувања со отпаѓање на иконописниот слој е евидентирано најмногу кај иконата *Арх.Михаил рег. бр.23462*. Иконата евидентира евоулирање на оштетувањата со отпаѓање на иконописниот слој и подлогата на пределот од постоечкото оштетувањето од десната страна. Понатаму нови лакуни со отпаѓање на овие слоеви се евидентирани и на други места по целиот иконописно и на многуте, со веројатност за претходно подигнати и страпирани места кај иконите *св.Атанасие рег.бр.7352 и св.Никола рег.бр.7360*. Исто така, видливи се отпаѓања на иконописниот слој, оние од типот на подигнати места на пределот над споевите од составните даски од дрвените носачи што при неадекватни преместувања од едно во друго место на иконите, можат да доведат до штети- губење на делови од иконописната содржина, како кај иконата *Деисис рег.бр. 7355*.

**Оддвојување на дрвените составни даски**

Исликаната парапетна плоча со сцената на *Жртвата на пророк Илија рег.бр. 23 461* од авторот зограф Аврам Дичов во дим: 80,5 x 51,3 x 1,3 cm е затекната во два дела, бидејќи составните даски се целосно одвоени, а сцената преполовена на два дела, со што е предизвикано ситно отпаѓање на иконописот со подлогата по краевите на составот од предната страна. Од задната страна спојот на составните даски по должина евидентира посветол тон (со веројатност дека тука била поставена друга вертикална летвичка со коси страни за спојување на даските), а евидентни се петна од влага, исто како и на иконата *Арх.Михаил рег. бр. 23462*. Другата исликана парапетна плоча со претставата *Бегството на Лот и неговите ќерки рег.бр. 23 463* од левата страна по целата должина евидентира недостаток на спојната даска, со делот од сликаната старозаветна сцена, а споредбено со старата фотографија кадешто е евидентиран сликаниот предел со првата девојка во сина одежда и горниот дел од пејсажот со уште една женска фигура (гола) во далечината, завртена со грб. На иконата со помали димензии *Христово Кршевање рег.бр.6684* евидентирани се дури и нестручни санирачки дејствија од задната страна на дрвените носачи, заради задржување на целосниот иконописен ентитет. Забележано е парче дрвена летва поставена со приковување на шајчиња од задната страна заради задржување на двете составни даски на којашто нема трага од горен

кушак што би требало да е вглавен во горното вдлабнување изработено за него. Иконата евидентирала вертикална пукнатина на средишниот дел, која сеуште постои, а е од одделувањето на составните даски и рефлектира оштетувања од предната страна. *Св.Василиј (Св.Атанасиј) рег.бр.6496* се евидентирани ситни отпаѓања на боениот слој, а горниот десен агол е одронет со отпаѓање на дел од дрвениот носач.

### Оштетувања од типот на насилно пресекување на дрвениот носач

На иконата *Царски двери рег.бр.6678* е затекнато насилно пресекување на дрвениот носач (**Сл.2**) што бил во целосни димензии од 140,5 x 47 x 3 cm. Пресекувањето се одвивало според точно определените зони: горните резбани лаци, средишната сцена Благовестие во лево крило со арх.Гаврил и десно крило со Богородица, потоа долните претстави на царевите во цел раст со цар Давид (лево крило) и цар Соломон (десно крило). Она што недостасува е горниот **медаљон** (над спојката на двете крила-врати) **во форма на концентричен круг и резбан крст во него.** Деловите кои се пресечени се во димензии: горните резбани делови од лаците: 29 x 45,5 x 4 cm и 27,8 x 46,5 x 3 cm, Арх.Гаврил со дим. 55.5 x 46 x 3.5 cm и Богородица со дим 53.8 x 45.5 x 4.3 cm, понатаму долните делови со претставите на царевите во дим.49 x 46.5 x 3.8 cm и 49 x 46.4 x 3.5 cm.

### Промени кон состојбата заради вршени конзерваторски дејствија

*Конзерваторски дејствија вршени на територијата во Р. Албанија*

Неодамнешни интервенции од страна на непознато лице/ со констатација за степен на познавање на конзерваторските методи и третман за чистење/ стари лакови, со однапред одредена цел - заради подобра видливост на иконописниот слој и отварање на автентични делови, долни сигнатури и текстови, односно чистење со отстранување на деградирани лакови од видот на пожолтување, згрутчување на лаковната површина над старите икони е затекнато на скоро сите икони. Во разговор со албанската страна (директорот Сокол Муча) ни беше укажано дека за ваквото лице наводно бил ангажиран конзерватор за мебел (? во пензија) од страна на антикварницата која ги поседувала/нелегално ги откупила овие дела за понатамошно отуѓување со купопродажна цел.



Сл.3 – Икони со отстранети словенски сигнатури што се локални преслики на пределот на позадината и горните медаљони

**Отстранување на локални преслики-текстови, словенски сигнатури**

Споредбата помеѓу старата и сегашната состојба воочи одредени промени од типот на отстранување на делови од локални преслики на местата на сигнатурите во горните медаљони кај неколку икони, или на сигнатури со бела боја на сината позадина од светците (**Сл.3**). По нивното отстранување се отворени површините на автентичниот/ долен иконопис и неговите автенични сигнатури. Локалните исликани преслики биле нанесувани со  подлога и боен слој или само во еден боен слој. Во периодот на нашата Преродбата (XIX век) пресликувањето/ препокривање на грчките сигнатури и замена со нови-словенски било честа појава заради промената на социјалниот поредок, и истакнување на црковната надлежност.

На иконите: *Богородица со малиот Христос (рег.б.6677), Исус Христос (рег.бр.6679), Исус Христос на трон (рег.бр. 6499),* се отстранети пресликите од горните медаљони. На иконите: *Деисис (рег.бр. 7355), Богородица со Христос (рег.бр.598), Исус Христос (рег.бр.599), Св.Никола (рег.бр.597)* се отстранети словенските сигнатури со бела боја и оставени долните сигнатури со црвена боја врз сината позадина. На иконата *Св.Харалампие (рег.бр. 6501)* е отстранета целата преслика во горната зона на пределот на сината позадина и горните медаљони. По отстранувањето на локалната преслика изведена врз горните медаљони со словенските сигнатури на иконата евидентирана како *Св.Василиј (рег.бр. 6496)* се отворија долните автентични сигнатури со натписот на светецот *Св.Атанасиј,* што е и вистинскиот наслов за оваа икона (под реден бр.14 од списокот на икони). На иконата *Исус Христос на трон (рег. бр. 6499)* со отстранувањето на локалната преслика на пределот на горните медаљони со словенска сигнатура, се евидентирани долните, како оштетени. Понатаму, препокривањето на текстот со бела боја од евангелието е отстрането и во сегашната состојба откриен е и читлив текстот, додека сребрениот **нимбус** поставен/прикован над пределот на ореолот и круната на Исус во сегашната состојба недостига (споредбено со старата фотодокументација). Натписите во пределот на горната црвена бордура кај малата икона *Сретение (рег. бр.6683)* се оставени идентични.

**Отстранување на стари пожолтени лакови**

Технологијата на нашите иконописни дела, особено сликањето со пигментирани лакови или испишување текстови врз позлатена позадина од



а

б

Сл.4 – Конзерваторски дејствија-отстранување на стари, пожолтени лакови: (а) –Детали од оставени сонди стари лакови, (б )- Оставен стар лак врз натписи, вршени од страна на непознато лице

златни листови, е битна при третманот за чистење на старите лакови за да не настане неповратното губење на исликувани лазурни делови од драпери, позлатувани декорации, декоративни ленти од облеките на светците и сл.,карактеристични за иконописното сликарство од XIX век, сликарските школи и периодот на нивното создавање. Во таа насока, евидентноста кон чистењето/отстранување на старите пожолтени или деградирани лакови, со оставање на евидентни сонди од стариот лак е проследено како изведен третман кај иконите: *Вознесението на св.Илија (рег. бр.73930, Св.Ѓорѓи (рег.бр.7391), Богородица со малиот Христос (рег.бр..6677), Исус Христос (рег.бр.6679), св.Димитриј на коњ (рег.бр. 6681), св.Ѓорѓи на коњ (рег.бр.7391)*, *малите икони: Крштевање Христово (рег.бр. 6684) и Сретение Христово (рег.бр. 6683), Богородица со Христос (рег.бр. 598), Исус Христос (рег.бр. 599) (*со недочистени делови*),Св.Харалампије (рег.бр. 6501).* При овој третман на чистење забележана е оставената (правоаголна) *сонда* (од стариот лак) во долниот десен агол на иконите: *Богородица со Христос (рег.бр. 6677) и Исус Христос (рег.бр.6679)*, *Крштевање Христово (рег.бр.6684), Сретение Христово во храмот/Ипапандија (рег.бр. 6683), Св.Димитриј на коњ (рег.бр.6681)* и *Богородица со Христос (рег.бр. 598),* како и на левата страна*: Исус Христос (рег.бр. 599)* (со многу недочистени делови од иконописот)*,* и иконата *Св.Харалампие (рег.бр. 6501)* (правоаголна сонда на пределот на наборите од горниот плашт од десната страна, исподкнигата што ја држи светецот), односно сонда во средишниот дел. Ваквите сонди се типични за финиширањето на третманот - чистење на стари лакови **(Сл. 4-а)**.

На иконите: *св.Ѓорѓи на коњ (рег.бр.7391)* и *Вознесението на пророк Илија (рег.бр.*7393) местата кадешто не е чистен стариот пожолтениот лак е врз пределот на текстовите, веројатно и заради опасноста од пречистување/пребришување на текстот изведен во бела боја, а ваквото внимание препознава лица кои се остручени или имаат познавање од конзерваторската етика, за да констатираме дека пред превземањето на ваквите конзерваторски дејствија иконите биле во друга затекната состојба, за истата денес да е променета од изведените интервенции (**Сл.4-б**).

**Вршени нестручни боени интервенции-ретуши**

На иконата *Деисис (рег.бр7355)* во десниот агол особено на пределот на дрвените спојки евидентирано е големо отпаѓање на иконописниот слој заедно со подлогата, а делови од подлогата сеуште се затекнати и заради нивната бела боја (без гама од прашина) можеме да констатираме дека од неодамна е отпаднат иконописниот слој. На мал дел од оваа стара подлога е вршено ретуширање со сина боја (**Сл.5**). На иконата *Исус Христос (рег.бр.6679)* на лакуните отпадната позлата во горната лева половина, е изведено боење со окер боја.

**Предприпремни мерки за претстојниот транспорт**

На работните состаноци при Министертвото за култура стручните служби инсистираа за безбеден транспорт обезбеден со соодветни сандаци и за таа намена НУ Музејот на С.Македонија, отстапи дел од своите алуминиумски сандаци (за транспорт на експонати) во различни димензии, внатрешно обложени со странични стиропори и обезбедени со клучеви и брави поединечни за секој сандак. Внатрешните димензии на сандаците се усогласени со поединечните димензии на иконите, а димензиите на сандаците се ускладени со обезбеденото комби возило за транспорт, што ги задоволи соодветните внатрешни димензии за поставување на сандаците еден врз друг 3 х 2. За




Сл.5 – Локална боена интервенција на пределот на отпаднатиот иконопис



Сл. 6 – (а) Извршен увид кон состојбата на лице место;



Сл. 6 – (б) - Вршени конзерваторски дејствија во насока на стабилизација на состојбата на 4 икони;




Сл. 6 – (в) - Три икони издвоени за церемонијалниот дел во Р.Албанија, изложени во холот на Националниот историски музеј во Тирана




а б

Сл. 7 – Транспорт: (а) - Пакување на икони во алуминиумски садаци во Националниот историски музеј во Тирана, Р.Албанија, (б) - Транспортното возило до НУ Музеј на С.Македонија

пакување на иконите се обезбедени сунѓери со дебелина од 1 и 2см, восочна заштитна хартија и најлони со меури. Изработен е точен список на иконите, нивните регистерски броеви и кодови, димензии и потекло, а секој сандак беше одбележан со свој број.

*Превентивни конзерваторски интервенции*

На лице место, во просториите на НУ Националниот историски музеј во Тирана (во просторијата на библиотеката) (**Сл.6-а**) се вршени превентивните конзерваторски интервенции (**Сл.6-б**) во насока на оптимално консолидирање на оштетувањата за оддржлив безбеден транспорт на иконите со минимални интервенции од типот на:

Прилепување на подигнати и делумно отпаднати иконописни делови кои беа нестабилни за пренос со транспорт. Истите се уцврстувани со заштитна хартија и туткално лепило-8%, како и местата по краевите на дрвените носачи кадешто се евидентираа одрони на дрвената структура. Прилепувањето на заштитна хартија се вршеше на 4 икони кои евидентираа отпаѓање со подигнување на иконописниот слој, како и страпирања на многу места - *Арх.Михаил (рег.бр. 23 462), Деисис (рег.бр. 7355), Св.Атанасиј (рег.бр. 7352) и св.Никола (рег.бр.7360*, .

Прилепување на одлепеното платно по краевите со туткално врзиво, а по сушењето и испрејување на долните зони на иконописите со заштитен слој од лак се вршеше на 3 икони (*Св.Ѓорѓи на коњ рег.бр.7391, Вознесение на пророк Илија рег. бр.7393, Богородица со Христос рег.бр.598*) на оние кои беа дел од селективниот избор на икони изложени на штафелаи во текот на церемонијалниот дел во Тирана, Р.Албанија (Сл.5-в).

Интервенциите беа вршени во текот на два дена, односно за да се задоволи потребното времетраење од 2-3 дена за потполно сушење на врзивото и лакот.

**Транспорт**

Сите икони поединечно и деловите од икони се пакувани најпрвин во восочна заштитна хартија, понатаму во најлон со меури, а некаде кадешто беше потребно се додаваше и памучно платно. При поставувањето на запакуваните икони во сандаците обложени со сунѓери (2cm) се пополнуваше и празниот простор со сунѓери и најлони со меури заради подобра амортизација и обезбедување на нивната фиксна позиција (**Сл.7-а**).

Транспортното возило пренесе 6 сандаци, обележани со броеви, а секој сандак поединечно се состоеше од список на запакуваните икони во него, и уште еден список прилепен на секој од сандаците поединечно. Сандаците поставени еден врз друг (3 x 2) беа дополнително прицврстени со јажиња за самите рачки еден со друг, како и целосно сите три, односно шест. Транспортното возило одеше како дипломатско со дипломатска пломбирана пратка и кодови за иконите (**Сл.7-б**). За излез од Тирана беше обезбедено полициско обезбедување со „чистачи"до самата граница со Р С.Македонија (граничен премин Ќафасан), кадешто две полициски коли од македонска страна нè дочекаа и следеа сè до крајната дестинација Скопје–НУ Музеј на С.Македонија. Со доаѓањето во Скопје (околу 19.30ч) во холот пред изложбената сала се одржа церемонијалниот дел од македонска страна, а потоа сите икони отпакувани се депонираа во музејот (**Сл.7-в**).

Angelina POPOVSKA

# BRIEF REPORT ON THE CONDITION AND TRANSPORTATION OF TWENTY (20) ILLEGALLY EXPORTED AND RETURNED ICONS FROM ALBANIA TO N. MACEDONIA IN 2023

*Summary*

The operational part for the return of 20 icons illegally exported from our country, which were identified as our cultural heritage, and were found on the territory of the Republic of Albania, was part of the restitution that is taking place for the first time in the region. The operational part was held during the end of the 2023 year, from December 12 to 15, and was carried out by members of the Ministry of Culture RNM (Ass. head of the cultural heritage protection department Olivera Livrinić-coordinator, State Counsellor for Legal Affairs Vesna Ilievska), from the NI Administration for the Protection of Cultural Heritage - Skoplje (director Zoran Pavlov), from the NI Museum of N.Macedonia (director Ilija Curev and Tanja Trajković MSc art historian), experts from the NI National Conservation Centre-Skopje: Darko Nikolovski, MSc - art historian advisor and Angelina Popovska, PhD - icon conservator advisor), as well as a member of MANU, i.e. from the Centre for Cultural Heritage "Cvetan Grozdanov", Sašo Cvetkovski, PhD. The transport was carried out with the help of the Macedonian Orthodox Church. Upon inspection of their condition, it was determined that the registration numbers were forcibly removed from the back of all the icons, yet other changes were also noted, such as the removal of local over-painting in the signature area, such as the upper medallions. In the course of these processes, the cleaning of the old varnishes, with the remaining evident probes, was also carried out. It was recorded that both wings of the Imperial Doors were cut into six parts.